- Обезбедени услуги за правна и економска поддршка на жените сегашни и идни претприемачи, како и индивидуални совети за различни правни и економски прашања.
- Зголемена економска активност во производството, трговијата и продажбата на локални производи.
- Подготвени нови предлог политики и мерки на локалните и националните власти, со кои ќе ги поддржат жените во развој на својот бизнис и унапредување на истиот на долгорочна основа.

## Проектот го спроведуваат:

**Центар за управување со промени (ЦУП)**
Ул. „Рајко Жинзифов“ 44/1, 1000 Скопје
Веб-страница: www.cup.org.mk
E-mail адреса: info@cup.org.mk
Тел. и факс: +389 2 6092-216

**Центарот за компаративни и меѓународни студии (ЦКМС)**
Ул. Elbasanit pallati filipeu бр.4е, Тирана
Веб-страница: http://www.qskn.al/
E-mail адреса: qskninfo@gmail.com
Тел.: +355 67 28 72 736

**Институт за човекови права (ИЧП)**
Адреса: ул. „Рајко Жинзифов“ 49А, 1000 Скопје
Веб-страница: www.ihr.org.mk
E-mail адреса: ihr@ihr.org.mk
Телефон: (+389) 2 3243 331

**Фондација Егалите**
Ул. 101/1, 1222 Камењане
Телефон: 078 388 317

Оваа публикација е изработена во рамки на проектот „Проект за развој на микро-претпријатија на жени во прекуграничната област“ финансиран од Делегацијата на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

CENTER FOR CHANGE MANAGEMENT

QSKN / CCIS

Institute for Human Rights

FOUNDATION EGALITE
Women & Youth Entrepreneurship

ЕУ за ТЕБЕ!

# Проект за развој на микро-претпријатија на жени во прекуграничната област



Projekti i zhvillimit të ndërmarrjeve të vogla për gratë në zonën ndërkufitare

Microenterprise development project for women in the cross-border area

## Краток опис на проектот

Проектот ќе потпомогне во основање и развој на микро-претпријатија на жени во прекуграничната област помеѓу регионот на Полог и Елбасан. Проектот има за цел да ја зголеми конкурентноста на микро-претпријатијата во сопственост на жени, како и да го поттикне и зајакне женското претприемништво. Истиот ќе има за задача да ги утврди потешкотиите со кои се соочуваат жените во работењето со својот бизнис и да понуди одржливи решенија за развој на микро-претпријатијата во сопственост на жени во споменатиот регион.

Проектот ќе вклучи со идеја да започнат бизни, како и жени претприемачки кои веќе основале свој бизнис и работат на ниво на микро-претпријатие. Истиот ќе им обезбеди неопходна поддршка за да ги зајакнат своите деловни вештини за раководење со претпријатието и ќе обезбеди дополнителна техничка помош за да можат жените да ги развиваат и прошират микро и малите бизниси во прекуграничната област.

## Микро-претпријатија на жени – нивното значење и улога

Во услови на висока невработеност, нови работни места се отвораат многу тешко, а конкуренцијата за одредено слободно работно место е многу висока. Затоа се бараат други начини да им се помогне на невработените жени. Притоа на самовработувањето или основањето свој бизнис се гледа како одлична можност да им се помогне на оние кои бараат начин за соодветна заработувачка, да направат нешто долгорочно за себе и своето семејство.

Микро-претпријатијата во сопственост на жени имаат огромна улога во развојот на економијата и вработувањето, посебно во одредени дејности на трговија и услуги од најразлична област како игротеки и различни центри за едукација, тренинг и релаксација, потоа фризерски и козметички услуги, но исто така и производство на конфекција, ракотворби, сувенири, мебел, храна и слатки итн. Микро-претпријатијата на жени имаат многу голем удел и во сите придружни дејности поврзани со туризам и угостителство, декорација и уметност, информациска и комуникациска технологија итн.

Проектот посебно ќе го поттикнува претприемништвото на жените и тоа не само во наведените, туку во сите други области, посебно оние кадешто жените изостануваат или ги има во помал број.

## Области на спроведување и период за реализација

Проектот ќе се спроведува во прекуграничната област со посебен фокус на регионите Полог и Елбасан. Периодот на реализација започнува во април 2018 година и трае две и пол години, се до септември 2020 година.




## Корисници и кориснички групи

Целната група на овој проект се жените идни претприемачи односно оние кои имаат идеја за сопствен бизнис, како и оние кои веќе основале свое претпријатие и се занимаваат со одредена дејност што им носи некаков приход, во веќе наведените региони на Полог и Елбасан. Индиректно, крајните корисници се сите домаќинства и жители на Полог и Елбасан кои ќе ползуваат од подобрувањето на благосостојбата и зголемувањето на приходите.

Национални и локални институции ќе имаат исто така голема полза од проектот во облик на соодветни консултации кои проектот ќе ги направи со бизнис заедницата и ќе даде соодветни предлози за унапредување на политиките за женското претприемништво и подобрување на деловната клима во прекуграничната област.

## Градење на бизнис вештини и напредок во работењето

Во рамките на проектот ќе се изградат капацитетите на жените претприемачи околу три блока на поддршка:

### 1. Градење на вештини и способности за раководење и управување со свое претпријатие

Овој дел опфаќа градење на самодовербата за започнување сопствен бизнис, како и унапредување на вештините за административно и финансиско работење, предвидување на ризици во работењето и управување со ризик, како и дел поврзан со соодветна правна помош и заштита и соодветни информации за наплата на даноци, такси и други законски обврски.

### 2. Подобрување на производството и приходот во постојните микро-претпријатија

Овој дел вклучува поддршка за градење на капацитетите на фирмите поврзани со дизајн и развој на нови производи, зголемување на обемот на производство, подобрување на продажбата и трговијата, засилен маркетинг, како и соодветно вмрежување и B2B средби во регионите и на национално ниво. Во рамки на овој дел предвидени се и соодветни активности за креирање на on-line продавница за продажба на производи.

### 3. Ревидирање на политиките за развој на микро-претпријатија и поддршка на женско претприемништво.

Овој дел опфаќа организирање на тркалезни маси со национални, регионални и локални претставници на владините институции, бизнис заедницата, банки и други финансиски институции, како и сите релевантни засегнати страни за ревизија на политиките во однос на женското претприемништво и долгорочен развој на микро-претпријатијата во сопственост на жени. Предвидена е и соодветна разработка на нови и ревидирани мерки за поддршка и унапредување на женското претприемништво.

## Крајен ефект и резултати од проектот

Врз основа на предложените цели и преземените активности, се очекуваат пет главни резултати и тоа:

- Подобрени вештини и компетенции во управувањето со бизнисот и зајакнати претприемачки ставови и деловни вредности.
- Воспоставени советодавни услуги за жени претприемачи со цел да се зголемат економските активности и развојот на микро-претпријатијата во сопственост на жени.